По извршениот увид во основниот текст на Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.1 од 05.01.2015 година), се утврди дека се направени грешки заради што Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 09.01.2015 година, даде

# ИСПРАВКА НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИ КОИ ОСТАНАЛЕ СО НЕЗАПИШАНИ ПРАВА И ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРОМЕНИ ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ И КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ КАКО ДЕЛ ОД КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Во Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.1 од 05.01.2015 година), во членот 3 во табелата се вршат следните исправки:

Во редниот број 1 по зборот „приватизација“ треба да стојат зборовите: „/купопродажба/подарок/размена“.

Во редниот број 3 по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во редниот број 5 зборовите „(врз основ на урбанистичко планска документација)“ треба да се бришат.

Во редниот број 8 по зборовите „внатрешна површина“ треба да стојат зборовите: „/отворена површина/волумен“, а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во членот 4 во табелата се вршат следните исправки:

Во редниот број 7 по зборовите „внатрешна површина“ треба да стојат зборовите: „/отворена површина/волумен“, а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во редниот број 12 по зборовите „внатрешна површина“ треба да стојат зборовите: „/отворена површина/волумен“, а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во редниот број 17 по зборовите „ запишување на внатрешна површина“ треба да стојат зборовите: „/отворена површина/волумен“, зборовите „на внатрешна површина“ треба да се бришат, а по зборовите „10 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 10 $м^3$ “.

Во редниот број 22 по зборовите „внатрешна површина“ треба да стојат зборовите: „/отворена површина/волумен“, а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во редниот број 29 по зборовите „внатрешна површина“треба да стојат зборовите: „/отворена површина/волумен“, а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$“.

Во редниот број 34 наместо зборовите „ Запишување на право на службеност, право на реален товар и право на стварно правен долготраен закуп на градежно земјиште и објекти за внатрешна површина треба да стојат зборовите: “Запишување на право на службеност и право на реален товар на објекти со внатрешна површина/отворена површина/волумен “, а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во редниот број 39 по зборовите “за извршување на” треба да стојат зборовите: “објекти со”, по зборовите „внатрешна површина“ треба да стојат зборовите: „/отворена површина/волумен“, а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во редните броеви 40, 41, 42 и 43 по зборовите “бришење на“ треба да стојат зборовите :“претходни и“.

Во редниот број 44 по зборовите “бришење на“ треба да стојат зборовите:“претходни и“, по зборовите „внатрешна површина“ треба да стојат зборовите: „/отворена површина/волумен“, а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$“.

Во редниот број 49 наместо зборовите „ Бришење на право на службеност, право на реален товар и право на стварно правен долготраен закуп на градежно земјиште и објекти на внатрешна површина“ треба да стојат зборовите: “Бришење на право на службеност и право на реален товар на објекти со внатрешна површина/отворена површина/волумен “ а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во редниот број 54 по зборовите “за извршување на” треба да стојат зборовите:“објекти со”, по зборовите „внатрешна површина“ треба да стојат зборовите: „/отворена површина/волумен“ а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во редниот број 55 наместо зборовите „Предбележување на градба внатрешна/отворена површина (просек 150 м2)“ треба да стојат зборовите: “Предбележување на градба со внатрешна површина /отворена површина/волумен“, а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во редниот број 56 наместо зборовите „Измени на предбележување во тек на градба внатрешна/отворена површина“ треба да стојат зборовите: “Измени на предбележување во тек на градба со внатрешна површина /отворена површина/волумен “, а по зборовите „1 $м^2$“ треба да стојат зборовите: „/ 1 $м^3$ “.

Во членот 5 во табелата се вршат следните исправки:

Во редниот број 14 наместо зборовите „ $1м^1$, $1м^2$, $1м^3$“ треба да стојат зборовите „$10м^1$, $10м^2$, $10м^3$“.

Во редниот број 18 наместо зборовите „Запишување на промена на податоци во катастарски операт - промена на наслов, промена на податоци на носителот на правото, личните и адресните податоци во листот за предбележување на инфраструктурни објекти “ треба да стојат зборовите: “Запишување на промена на податоци во катастарски операт - промена на податоци за носителот на правото, личните и адресните податоци во имотен лист за инфраструктурни објекти и во листот за предбележување на инфраструктурни објекти “.

Исправката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.01-186/1 Управен одбор

9 јануари 2015 година Претседател,

Скопје Анета Јорданова